**8. АЛСАТ М (на македонски јазик)**

***„Вести“***

Во известувачкиот периоод од 23 ноември до 18 декември 2015 г. ТВ Алсат М на македонски јазик објави вкупно 240 прилози кои се однсуваат на политичките актери. Најмногу внимание месецов телевизијата им посвети на ***(1)*** Преговорите медиумите (15 прилози), ***(2)*** Анкетна комисија за аферата со прислушувањето (15 прилози), ***(3)*** Ветото за домашното задолжување (12 прилози), ***(4)*** Комплетирањето на составот на Државната изборна комисија (10 прилози), ***(5)*** Аферата со лажни лични карти (8 прилози), ***(6)*** За судските случаи поврзани со убиствата кај Смилковско езеро и за „Кумановските настани“ има 8 прилози, ***(7)*** Има 8 прилози и за загадувањето на воздухот во Тетово и во Скопје ***(8)*** Аферата за работењето на министерството за внатрешни работи (4 прилози). Не се забележани фаворизирачки дискурси кон некоја од политичките партии. Не се забележани ниту демонизирачки дискурси. Темите во прилозите се обработени инклузивно, но со воочлив етнички специфичен фокус.

Коментари и оценки во вестите: Во мониторираниот период телевизијата информираше главно коректно, преку извештаи за настаните и повремено со аналитички прилози. Немаше експлицитни коментари и оценки во содржините но имаше прилози кои можат да се сметаат за неутрална и аргументирана критика. На Алсат М на македонски јазик како и кај програмата на албански јазик се позастапени содржините од животот и од политичките случувања кај Албанците во Македонија. Во ретки случаи кај овие теми има етнички фокус во оценката на новинарот. На пример, прилогот „Коалицијата ДПА-ДУИ би била во функција на нивна амнестија, но дали изминативе години глумеле непријателство и ги лажеле Албанците?“ (25.11.2015). Овој прилог е аргументирана критика на етаблираните албански партии, но со оглед на тоа што во албанскиот политички блок се појавија нови политички субјекти, интересно ќе биде да се следи овој став кон етаблирани наспрема новите и наспрема македонските партии. Ова дотолку повеќе што аргументираната критика во целиот период е главно насочена кон етаблираните партии на Албанците (ДУИ и ДПА), дури и другите партии (БЕСА, Реформи) се повикуваат да ја коментираат нивната работа, особено во овој случај со најавената можност за коалиција, како во прилогот од 07.12.2015, „Застапеност на Албанците, во Охрид вработени само двајца Албанци, ДУИ и ДПА молчат за ниската застапеност“. Алсат М во известувачкиот период имаше критички однос кон ВМРО-ДПМНЕ.

Користење на изворите: Телевизијата во некои случаи (51 прилог) користи само еден извор и тоа се случува кога дава информација за некоја активност на политичките субјекти или пак, едноставно некритички пренесени изјави. Саморегулаторните одредници на професионалните стандарди наложуваат избегнување на оваа практика. Но, кај Алсат М на македонски ова не е толку системски проблем колку што е инцидентна практика. Во повеќето случаи телевизијата користи два или повеќе извори и тие бранат различна позиција (94 прилози).

Директни обраќања: Емитувани се вкупно (25) директни обраќања на политички актери и тие се избалансирани и по фреквенција по субјект и по сожината

Аудиовизуелна презентација: Не се забележани примери на манипулација со аудиовизуелната презентација.

**Емисии**

Во периодот кој е опфатен со оваа анализа за емисиите (01-14 декември) анализирани се вкупно 6 на емисијата *„360 степени“* и во нејзината содржина не се најдени примери кои упатуваат на фаворизирачки или пак демонизирачки однос кон определени политички субјекти. Во оваа програма нема говор на омраза или негативен и стереотипизирачки говор кон групи.